РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARËSVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02 - 104/15
26.02.2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Собранието на Комората на извршители на Република Северна Македонија, врз основа на член 77 став (1) точка а) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72/16, бр.142/16, 233/18 14/20 и 153/24) на седница на 20-то Редовно Годишно собрание одржана на ден 24.02.2026 година во Скопје, донесе

## Кодекс за професионална етика на извршителите

### Член 1 – Општи одредби

(1) Кодексот за професионална етика на извршителите (во понатамошниот текст: „Кодексот") утврдува етички норми, принципи и стандарди на професионално однесување на извршителите, замениците, помошниците, вработените во канцеларијата на извршителот и вработените во Комората на извршители на Република Северна Македонија.

(2) Кодексот има цел да обезбеди извршување на праведен, објективен, професионален и транспарентен начин, во интерес на владеењето на правото и јавната доверба во професијата.

(3) Стандардите од овој Кодекс се во согласност со принципите на професионалната етика на земјите членки на Меѓународната унија на судски извршители (МУСИ), прилагодени на правниот систем на Република Северна Македонија.

### Член 2 – Обврска за применување и дисциплинска одговорност

(1) Извршителот и заменикот се должни да ги применуваат одредбите на овој Кодекс.

(2) Повредата на одредбите претставува дисциплинска повреда согласно Законот за извршување.

(3) Вработените и помошниците сносат професионална и морална одговорност за непочитување на Кодексот.

### Член 3 – Професионално однесување и интегритет

(1) Извршителот постапува независно, непристрасно и стручно, согласно правото и фактите на предметот.

(2) Извршителот мора да биде ослободен од сите надворешни влијанија, вклучително политички, економски или лични.

(3) Не смее да го користи својот службен капацитет за постигнување приватни интереси или за вршење влијание.

(4) Професионалното однесување мора да биде во склад со достоинството на професијата.

(5) Извршителот има обврска за континуирано стручно усовршување, со следење на едукативниот план на Комората.

(6) Извршителот има обврска на едукативните активности и собранија да покаже почит кон предавачите, организаторите, колегите и останатите учесници, да присуствува на истите и активно да учествува.

**Член 4**

**– Однесување на извршителот во односот со јавноста, Комората, колегите, вработените и странките**

**а) Однос со јавноста**

1. Извршителот е должен при настапи во јавноста да постапува достоинствено, професионално и објективно, на начин што ја изразува сериозноста и важноста на функцијата што ја врши.
2. Во јавните настапи (во медиуми, на социјални мрежи, колумни, јавни собири и слично), извршителот не смее да дава изјави и коментари кои можат да ја нарушат довербата во правосудниот систем или угледот на професијата. Јавните настапи мора да бидат усогласени со задолжителна координација со Комората.
3. Извршителот не смее да се рекламира преку социјалните мрежи и останатите медиуми, со јавно или онлајн дејствие, директно или индиректно, да користи маркетинг активности (печатени промотивни материјали, светлечки реклами и слично) што создаваат нефер предност во однос на другите извршители и да презема други дејствија со кои ја промовира својата работа, успешност или ефикасност.
4. Извршителот треба да биде облечен уредно и професионално при службени постапувања, водејќи сметка за личниот изглед како дел од почитта кон странките и јавноста.
5. Извршителот е должен и на личните профили на социјалните мрежи да се однесува достоинствено, умерено и професионално, на начин што нема да го наруши:

- угледот на професијата
- довербата на граѓаните
-правата и достоинството на странките

**б) Однос со Комората на извршители**

1. Извршителот е должен навремено и целосно да одговара на сите барања, покани и иницијативи доставени од страна на Комората.
2. Доколку извршителот одбие задача доделена од Комората (обука, работна група, советување), е должен да достави образложено известување.
3. Во случај на сомнение или сознание за непрофесионално или неетичко однесување од друг извршител, член на Комората или вработен, извршителот е должен да ја информира Комората за постапување спротивно на Кодексот.
4. Извршителот учествува активно во иницијативите за унапредување на професијата, делува во духот на заедништво и придонесува за растот на интегритетот на Комората.

**в) Однос со колегите – други извршители**

1. Извршителот е должен во односите со колегите да постапува со почит, професионалност, колегијалност и коректност.
2. Извршителот не смее со своето однесување или изјави да го нарушува угледот, достоинството или професионалниот интегритет на друг извршител.
3. Забрането е ветување или давање на парични или други видови награди на доверители или трети лица, со цел обезбедување на предмети за извршување.
4. Колегијалноста вклучува и споделување информации, искуства и добри практики, со цел унапредување на професионалниот стандард на дејноста.
5. Во случај на меѓусебен спор, извршителите се должни да настојуваат спорот да го решат на достоинствен и професионален начин, преку дијалог или преку надлежните органи на Комората.

**г) Однос со вработените во канцеларијата**

1. Извршителот е должен кон вработените да постапува со должна почит кон нивното достоинство, професионален интегритет и недискриминација од било каков вид како и да обезбеди работна средина со јасна организациска структура и функционална распределба на работата во канцеларијата.
2. На вработените мора да им биде овозможен пристап до правните акти, предметите и сите потребни материјали за непречено извршување на работните обврски.
3. Извршителот е должен да обезбеди стручно доусовршување на кадарот преку обуки, семинари, учество на настани од областа на извршувањето, но и преку практична поддршка и пренос на знаење.
4. Вработените се должни работните задачи да ги извршуваат совесно, стручно, непристрасно, доверливо и во согласно со упатствата на извршителот, законите и етичките стандарди на професијата.
5. Извршителот е должен да спроведе обука во делот за комуникација со агресивни странки и за постапување во ризични ситуации согласно препораки за безбедност на извршителите и персоналот на Меѓународната унија на судски извршители МУСИ.
6. Извршителот треба да поттикнува тимска работа, јасни насоки за работа, доверба, меѓусебна поддршка и професионален развој на сите членови на тимот со цел законито и ефикасно извршување на работните задачи.

**д) Однос со странките во постапката за извршување**

1. Извршителот е должен кон странките да постапува законито, непристрасно, професионално и со почитување на нивното достоинство и права.
2. Извршителот е должен странките навремено јасно и разбирливо да ги информира за нивните права и обврски, како и за текот на извршувањето и да обезбеди еднаков третман на странките и да се воздржи од било каква дискриминација, фаворизирање или злоупотреба на службената положба.
3. Извршителот е должен да ја чува доверливоста на податоците и информациите до кои дошол при вршење на службата, освен кога со закон е поинаку утврдено.
4. Извршителот е должен во вршењето на својата дејност да дава точни, целосни и вистинити податоци и информации до странките, надлежните органи и Комората во рамките на своите законски овластувања.
5. Извршителот не смее да прикрива, изменува или дава неточни и нецелосни податоци кои можат да доведат до заблуда или повреда на правата и интересите на странките.
6. Извршителот не смее да бара, прима или дозволува било каква корист, подарок или погодност која може да влијае врз неговата непристрасност и законитост во постапувањето.
7. Извршителот е должен да постапува совесно, ефикасно и без непотребно одлагање, водејќи сметка за заштита на интересите на сите странки во постапката.
8. Извршителот е должен да обезбеди пристапност и соодветна комуникација за лицата со телесен инвалидитет или друг тип на попреченост, водејќи сметка за нивните специфични потреби при спроведување на извршувањето, на нивно барање.
9. Забрането е секакво дискриминаторско однесување кон странките врз основа на пол, возраст, етничка, верска, социјална или друга припадност.
11. Сите информации добиени во рамките на извршувањето се строго доверливи и не смеат да бидат искористени за лична или трета корист.

**Член 5 – Дигитална етика**

(1) Извршителот е должен при користење на електронските системи, дигитални алатки и средства за комуникација да постапува законито, одговорно и во согласност со професионалните и етички стандарди

(2) Извршителот е должен да обезбеди заштита на доверливоста, интегритетот и безбедноста на електронските податоци и документи до кои пристапува или ги обработува во вршење на својата дејност.

(3) Извршителот е должен службената електронска пошта да ја користи исклучиво за службени цели, професионална комуникација и размена на информации поврзани со извршителската дејност.

(4) Извршителот е должен електорнскиот потпис да го користи лично, совесно и во согласност со закон, при што е одговорен за неговата заштита и спречување на злоупотреба.

(5) Извршителот не смее да дозволи користење на својот електонски потпис од друго лице без овластување од извршителот, ниту да користи електонски потпис кој не му припаѓа.

**Член 6 – Надзор и примена на Кодексот**

(1) Комората е надлежна за надзор над примената на Кодексот.

(2) Сите претставки или сознанија за повреда на Кодексот се процесираат согласно дисциплинските одредби од Законот за извршување.

**Член 7 – Стапување во сила**

Овој правилник стапува во сила и ќе се применува со денот на објавување на веб-страницата на Комората.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Претседател,

Весна Деловска